Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Генерална дирекција
Сектор за човечки ресурси
Број: 04-1506/1
Датум: 20-02-2026

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија", број 27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16,142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 275/19, 14/20, 215/21 , 99/22 , 208/24 и 210/24) и член 12 став (2) од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на РМ", бр.43/14...7/19 и „Службен весник на РСМ", бр. 87/23 и 3/25), во постапката за вработување на административни службеници во Министерството за финансии – Управа за јавни приходи - Скопје со објавување на Јавен оглас број 1208/2025, по доставен Предлог за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови број 10-274/6 од 13.02.2026 година од страна на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение на Агенцијата за администрација, број 10-274/1 од 13.01.2026 година, директорот на Управата за јавни приходи, донесе

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. За пополнување на огласено работно место, со реден број:
   1 - ДАН0101Г04002 - **Помлад даночен референт за даночно сметководство, Служба за регистрација, утврдување и даночно сметководство, Даночно одделение Струга, Регионална дирекцијата Битола, (1) еден извршител**, се избира кандидатот:

   - **Наталија Стојановска**, со идентификациски код 57023E8.

2. Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на Управата за јавни приходи ќе донесе решение, односно ќе склучи договор за вработување на неопределено време со кандидатот од точка 1 на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

На ден 26.12.2025 година, во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Koxa", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, објавен е Јавен оглас број 1208/2025 за вработување на 1 административен службеник од група III, подгрупа 2, во Министерство за финансии - Управа за јавни приходи.
Со Решение на Агенцијата за администрација, број 10-274/1 од 13.01.2026 година формирана е Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас (во натамошниот текст: Комисија).
По спроведување на сите фази на постапката за селекција за вработување, Комисијата, состави: Записник од извршена административна селекција за административен службеник, број 10-274/2 од 20.01.2026 година, Записник од спроведен испит за административен службеник, број 10-274/4 од 05.02.2026 година, Записник од спроведен посебен, трет дел од испитот за административен службеник – Испит за даночен службеник број 10-274/5 од 05.02.2026 година и Записник од спроведена постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју, број 10-274/6 од 12.02.2026 година.

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

На ден 13.02.2026 година, Комисијата состави и Конечна Ранг листа на кандидати кои успешно ги поминале фазите на постапката за селекција и истата ја објави на веб страницата на Агенцијата за администрацијата.
Врз основа на изборот на најдобро рангираните кандидати по работно место согласно бројот на извршители кои се бараат, Комисијата изготви и до Управата за јавни приходи достави Предлог за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови, број 10-274/7 од 13.02.2026 година.
Согласно член 45 став (1) од Законот за административни службеници: „Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3) или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор".
Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од (8) осум дена од објавување на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор
м-р Елена Петрова

Доставено:
- Избран кандидат
- Агенција за администрација
- Сектор за човечки ресурси
- Архива